# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ ENGLISH LANGUAGE TEACHING: KEY ISSUES" (МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК: КЛУЧНИ ПРАШАЊА) ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р НИНА ДАСКАЛОВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 2402-113/8 од 106. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 18.6.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Виолета Димова, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
– доц. д-р Марија Кусевска, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,

за изготување на извештај, рецензија на приложениот ракопис за рецензирана електронска скрипта со наслов **"ENGLISH LANGUAGE TEACHING: KEY ISSUES"** (Методика на наставата по англиски јазик: Клучни прашања) од авторот **доц. д-р Нина Даскаловска**, наменет за студентите од прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Англиски јазик и книжевност, Наставна насока.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов "English Language Teaching: Key Issues" (Методика на наставата по англиски јазик: Клучни прашања) од авторот доц. д-р Нина Даскаловска е материјал компатибилен со Наставниот план и содржините на предметот Методика на наставата по англиски јазик и книжевност 1 (пракса) кој според студиската програма на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип се изучува како задолжителен предмет на Наставната насока на прв циклус студии, Англиски јазик и книжевност, во VII семестар со фонд на часови 2+2+1 и се вреднува со 6 кредити.

Ракописот е наменет како основна литература во изучувањето на наставните содржини по предметот Методика на наставата по англиски јазик и книжевност 1 (пракса). Наставните содржини се презентирани прегледно, јасно и концизно со соодветни примери и табели кои овозможуваат полесно разбирање и усвојување на материјата.

**Податоци за обемот ракописот:** Ракописот е напишан на англиски јазик во А4 формат, фонт Times New Roman, големина на букви 12. Текстот содржи 206 страници и е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет, а се однесуваат на подготовката на неговиот теоретски дел. Трудот содржи 12 поглавја и библиографија составена од книги и статии релевантни за предметот.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов: Ракописот претставува квалитетен труд кој е од особена важност за едукацијата на идните наставници по англиски јазик. Во нашата земја досега нема објавено скрипта или учебник со иста или слична содржина, што го прави ракописот неопходен и значаен за студентите по англиски јазик и книжевност.

**Краток опис на содржината:** При составувањето на ракописот, авторот имал за цел да вклучи содржини кои се од особена важност во едукацијата на идните наставници по англиски јазик во основното и во средното образование. Ракописот ги содржи следните поглавја: 1. Participants in the learning process (Учесници во наставниот процес); 2. Learning styles and strategies (Стилови и стратегии за учење); Learner motivation (Мотивација на учениците); Learner autonomy (Ученичка автономија); Classroom management (Организација

на часот); Classroom interaction (Интеракција во наставата); Giving feedback and error correction (Давање фидбек и корекција на грешки); Assessment and testing (Оценување и тестирање); Curriculum planning and development (Планирање и дизајнирање на наставна програма); Choosing and evaluating coursebook (Селектирање и евалуација на учебници); Lesson planning (Планирање на наставна единица); Classroom observation (Набљудување на настава во училиштата).

Во првото поглавје се дава осврт на учесниците во наставниот процес. Во првиот дел се опишани задачите и обврските на наставниците, нивните ставови и многубројните улоги кои ги имаат во текот на наставниот процес. Во вториот дел се презентирани карактеристиките на успешните ученици, разликите помеѓу учениците и факторите кои влијаат врз успешноста во учењето, нивните ставови и нивните улоги.

Второто поглавје, исто така, се состои од два дела. Во првиот дел се дискутира за различните стилови на учење и се презентирани повеќе модели на стилови на учење. Вториот дел е посветен на стратегиите за учење каде што се презентирани повеќе класификации на стратегии за учење и се дадени насоки за идните наставници како да ги идентификуваат стратегиите кои ги користат учениците и на кој начин да ги обучуваат учениците за користење на стратегиите заради полесно усвојување и употреба на јазикот.

Во третото поглавје се дискутира за мотивацијата во наставата по странски јазици и се презентираат теории и модели на мотивација. Потоа се објаснуваат факторите кои влијаат врз демотивацијата на учениците и се даваат насоки за начините на поттикнување на мотивацијата кај учениците.

Четвртото поглавје е посветено на важноста на развивање на автономија и независност кај учениците, како и начините на кои наставниците може да им помогнат на учениците да станат посамостојни во учењето и да преземаат поголема одговорност за своите обврски како ученици и да бидат способни да го планираат, следат и евалуираат својот напредок.

Петтото поглавје содржи повеќе аспекти кои се однесуваат на организацијата на наставниот процес. Прво се дискутира за формите на работа во наставата, кои видови на активности се погодни за секоја од нив, како и нивните позитивни и негативни страни. Друг аспект се однесува на организирање на времето во текот на часот, организирање на седењето на учениците во зависност од активностите, користењето на таблата и другата опрема во училницата. Исто така, во ова поглавје се дава осврт и на дисциплината во училницата и начините за справување со потенцијални проблеми.

Во шестото поглавје се зборува за видовите на интеракција во училницата и за начините на развивањето на интерактивна компетенција кај учениците.

Седмото поглавје се состои од две дела. Првиот дел е посветен на важноста на давање повратна информација на учениците за нивната работа и нивните постигнувања, како и стратегиите кои наставниците треба да ги користат при давањето фидбек. Во вториот дел се дискутира за видовите и причините за грешките кои ги прават учениците при користење на странскиот јазик и се даваат насоки за наставниците како да се справат со грешките на учениците во усната и во писмената комуникација.

Осмото поглавје е посветено на оценувањето и тестирањето како составен и важен дел на наставниот процес. Во првиот дел се објаснети разликите помеѓу формативното и сумативното оценување и нивните цели. Во вториот дел се дава преглед на видовите тестови, како и на различните видови задачи за тестирање со соодветни примери. Исто така, објаснети се и карактеристиките на тестовите. Последниот дел содржи насоки за дизајнирање, спроведување и оценување на тестовите. Покрај тоа, презентирани се и начините на алтернативно оценување.

Во деветтото поглавје се презентирани видовите на наставни програми и дадени се насоки за планирање и дизајнирање на наставна програма со објаснување и примери за секој чекор во тој процес.

Десеттото поглавје содржи објаснување на општите и специфичните критериуми кои треба да се користат при селектирање и евалуација на учебници по англиски јазик. Освен тоа, дадени се и насоки за адаптирање на учебниците според потребите на учениците, како и за користење на дополнителни материјали во наставата.

Единаесеттото поглавје е посветено на планирањето на наставен час каде што авторот ги објаснува аспектите на кои треба да се внимава при планирањето на наставна единица и ги презентира и објаснува сите елементи кои треба да ги содржи едно планирање на наставна единица.

Во последното поглавје авторот ги презентира поважните аспекти поврзани со набљудувањето на наставата во училиштата.

По презентираниот материјал е наведена цитираната литература која студентите може да ја користат како извор за продлабочување на знаењата во дадената област.

**З А К Л У Ч О К**

Врз основа на горенаведените факти, Рецензентската комисија констатира дека ракописот со наслов "English Language Teaching: Key Issues" (Методика на наставата по англиски јазик: Клучни прашања) од авторот доц. д-р Нина Даскаловска е напишан според наставната содржина предвидена за предметот Методика на наставата по англиски јазик и книжевност 1 (пракса) на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Содржината на ракописот, прегледноста и организираноста на секое поглавје, пристапот кон проблематиката и стилот на кој е изложена материјата ќе обезбедат успешно следење и совладување на теоретскиот дел од наставната дисциплина за која е наменет. Исто така, приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронска скрипта според Правилникот за единствени основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип ракописот со наслов "English Language Teaching: Key Issues" (Методика на наставата по англиски јазик: Клучни прашања) од авторот доц. д-р Нина Даскаловска да го прифати за објавување како рецензирана електронска скрипта.**

**Рецензенти**

**Проф. д-р Виолета Димова, с.р.**
**Доц. д-р Марија Кусевска, с.р.**